Организатор: Омни Ивентс
Ул.Миле Поп Јорданов 48а 1/1
1000 Скопје
Тел. 02 323 82 81
Е-маил: contact@events.mk
Жиро с-ка: 300000003176786
Комерцијална Банка АД Скопје

Манифестација: Саем на Жена
www.saemnazena.mk
Локација: Скопски Саем
Ул. Беласица бр.2, 1000 Скопје
Датум: 04-06 ноември 2011

## САЕМСКА ПРИЈАВА – ДОГОВОР ЗА УЧЕСТВО НА САЕМ НА ЖЕНА - СТРАНСКИ ИЗЛОЖУВАЧИ

Краен рок за аплицирање 07.10.2011

| | |
|---|---|
| Полно име на фирма изложувач | |
| Адреса и поштенски број | |
| Телефон | Факс |
| Е-маил | Веб страна |
| Матичен број | Даночен број |
| Матична Банка | Жиро Сметка |
| Овластено лице за контакт | |
| Мобилен | Телефон |
| Е-маил | |
| Опис на дејноста на фирмата | |
| Краток опис на производите кои ќе се изложуваат/продаваат | |

| **ЗАКУП НА ИЗЛОЖБЕН ПРОСТОР** | **m2** | **Цена/m2** |
|---|---|---|
| Изложбен простор без изработка на стандарден штанд – отворен простор | ________ | 55 евра + 18% ДДВ |
| Изложбен простор со изработка на стандареден штанд кој вклучува:<br>- изработка на штандот<br>- покривање на подот со хојга<br>- инфо пулт 50/100/100<br>- маси и столици (бројот зависи од големината на штандот)<br>- полица за проспекти<br>- испишување на логото на фирмата<br>- осветлување со рефлектор<br>- преграден дел со завеса<br>- закачалка, корпа за отпадоци и друг ситен инвентар<br>- продолжен кабел<br>- чистење на штандот<br>- паушал за потрошена вода и струја<br>- обезбедување на експонатите од кражба вон работно време | ________ | 75 евра + 18% ДДВ |

* ДДВ од 18% не е вклучен во цените

| **ДОПОЛНИТЕЛНИ ТЕХНИЧКИ УСЛУГИ** | **Количина** | **Цена во евра** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

* ДДВ од 18% не е вклучен во цените

| | |
|---|---|
| **УПИСНИНА ВО КАТАЛОГ** (задолжително) која вклучува:<br>- информации за компанијата во официјалниот каталог на Саем на Жена, со лого и основни информации до 60 збора (доколку текстот надминува 60 збора OmniEvents го задржува правото да го скрати според свои видувања)<br>- линк на официјалната веб страна на Саем на Жена<br>- бесплатни копии од каталогот на Саем на Жена<br>- пропусници за персоналот, бесплатни влезници и паркинг според закупената површина | 50 Евра + ДДВ 18% |

* ДДВ од 18% не е вклучен во цените

Сите податоци за каталогот (текст, лого, рекламна страна) може да ги испратите по пошта или на e-mail: contact@events.mk, најдоцна 30 дена пред почетокот на саемската манифестација. Доколку не се добијат податоците, Омни Ивентс ќе постави податоци со кои располага, а трошоците ќе бидат на сметка на изложувачот. Решението на логото или рекламната страна треба да бидат испратени во електронска форма во некој од следните формати: pdf, tiff, jpg, eps…

Основни информации – текст до 60 збора

| |
|---|
| |

Рекламации за неточни податоци или внесување во каталог нема да бидат прифатени

**НАРАЧКА ЗА РЕКЛАМНА СТРАНА ВО КАТАЛОГ**

| Вид на услуга | Количина | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за изложувач | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за неизложувач |
|---|---|---|---|
| 1/2 колор страна - внатре | | 40 ЕУР | 150 ЕУР |
| 1/1 колор страна - внатре | | 70 ЕУР | 300 ЕУР |
| 1/1 втора или трета страница - колор | | 130 ЕУР | 400 ЕУР |
| 1/1 задна страна од корицата колор | | 170 ЕУР | 500 ЕУР |
| Инсерт на флаер | | 50 ЕУР | 300 ЕУР |
| Маркица на предна страна | | 500 ЕУР | |

* ДДВ од 18% не е вклучен во цените

**НАСТАП НА СЦЕНА**

Промотивно предавање на одредена тема по договор  на една од сцените во разните сегменти

| Опис на предавањето | Бр. на предавања | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за изложувач | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за неизложувач |
|---|---|---|---|
| | | 100 ЕУР | 300 ЕУР |

* ДДВ од 18% не е вклучен во цените
** Предавање/презентација на Главна сцена, Медицинска училница и Професионална училница – времетраење од 30 мин
*** Презентација во Театар на Готвењето – времетраење од 90 мин

**НАСТАП НА MAKE - OVER СЦЕНА**

Настап на Make-over сцена 90мин.

| Опис на настапот | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за изложувач | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за неизложувач |
|---|---|---|
| | 50 ЕУР | 100 ЕУР |

* ДДВ од 18% не е вклучен во цените

**ПРОМОТИВНИ КЕСИ СО ПОДАРОЦИ**

Инсертирање на примерок во промотивните кеси со подароци

| Опис на подарокот | Количина | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за изложувач | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за неизложувач |
|---|---|---|---|
| | | 50 ЕУР | 300 ЕУР |
| | | 50 ЕУР | 300 ЕУР |
| | | 50 ЕУР | 300 ЕУР |
| | | 50 ЕУР | 300 ЕУР |

* ДДВ од 18% не е вклучен во цените

**МОДНИ РЕВИИ**

Учество во една од модните ревии со свои модели (организаторот ги обезбедува манекенките, медијатор кој ги најавува модните ревии, организацијата на ревиите)

| Број на модели | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за изложувач | Цена во ЕУР + 18% ДДВ за неизложувач |
|---|---|---|
| 1 – 3 модели | 200 ЕУР | 500 ЕУР |
| 4 – 6 модели | 350 ЕУР | 800 ЕУР |
| 7 – 10 модели | 500 ЕУР | 1250 ЕУР |
| 11 – 15 модели | 650 ЕУР | 1600 ЕУР |
| Повеќе од 15 модели | Цена по договор | Цена по договор |

* ДДВ од 18% не е вклучен во цените

**ОДОБРЕНИ ПОПУСТИ**

**1. РАНА РЕЗЕРВАЦИЈА И ПЛАЌАЊЕ**

За направена рана резервација и плаќање најдоцна до **30.07.2010**, изложувачот добива попуст од **20%** на закупениот простор. За направена рана резервација и плаќање најдоцна до **30.08.2010**, изложувачот добива попуст од **10%** на закупениот простор.

Одобрен попуст за направена рана резервација и плаќање во целост во износ од:

_________________________ .

**2. ЗАКУПЕН ПРОСТОР:**

| Закупен простор | 30 – 60 м2 | 61 – 90 м2 | > 91 м2 |
|---|---|---|---|
| Одобрен дополнителен попуст | 5% | 10% | 15% |

Одобрен попуст за закупени ________________ м2 во висина од ____________ %, во износ од:

_________________________ .

| **ПОТВРДА ЗА ДОДЕЛЕНИОТ ПРОСТОР** | | |
|---|---|---|
| **м2** | ☐**Метрополис Арена**<br>☐**Втора Хала** | **Штанд бр.** |
| **Датум** | **За Омни Ивентс** | |

**ДОГОВОР ЗА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА САЕМ НА ЖЕНА И УСЛОВИ**

Предмет на овој договор е закуп на внатрешен простор, во саемските хали на Скопски Саем во Скопје, кој организаторот на Саем на Жена - Омни Ивентс му го дава на користење на Изложувачот за време на одржување на манифестацијата "Саем на Жена" која ќе се одржи во период од 04-06 ноември 2011 година. Податоците на Изложувачот, големината и цената на изложбениот простор се наведени во горниот дел од овој документ. Наведениот изложувачки простор е во потполност резервиран дури по целосно уплатената договорена сума за изложувачки простор. Во цената за закуп вклучени се и следниве услуги и наем на опрема, а кои организаторот е обврзан да му ги обезбеди на излагачот:

- Изложбен простор
- Систем октанорм конструкција според типот на избраната опција
- Внес на име, адреса и изложбена позиција во службениот каталог на саемската манифестација

Вкупната сума од ______________________________за закупнина изложувачот се обврзува да ја плати по добивање на фактурата, на Омни Ивентс Скопје, жиро сметка 300000003176786, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје.

**ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА - ДОГОВОР**
1. Доставувањето на уредно пополнета пријава за учество на Саемот на Жените од страна на правно или физичко лице до Омни Ивентс, претставува полноважен договор меѓу подносителот и Омни Ивентс

**ПРИФАЌАЊЕ НА ПРИЈАВА – ДОГОВОР**
2. По приемот на пријавата-договорот, Омни Ивентс ја потврдува истата за учество на саемот
3. По извршената распределба на просторот Омни Ивентс го известува изложувачот за доделената локација
4. Омни Ивентс го задржува правото да додели 10% помала или поголема површина од пријавената, ако тоа го наложува распоредот на локациите
5. Омни Ивентс го задржува правото на промена на цената на изложбениот простор во зависност од местоположбата на доделената локација
6. Омни Ивентс го задржува правото да ги одбие изложувачите или да ги релоцира штандовите на изложувачите во случај кога Омни Ивентс мисли дека ваквите промени се неопходни за да се задржи карактерот или распоредот на Саемот на Жените. Во ваков случај изложувачот нема право да бара враќање на уплатените средства.

**УРЕДУВАЊЕ И ДЕКОРАЦИЈА НА ИЗЛОЖБЕНИОТ ПРОСТОР**
7. Штандот технички може да го изведе Омни Ивентс во соработка со Експо Медиа, изложувачот во сопствена режија или трето лице за сметка на изложувачот
8. Доколку изложувачот го изведува штандот во сопствена режија должен е да плати такса од 3евра/м2
9. Изгледот на штандот го дефинира архитектот на саемот во соработка со претставник на изложувачот
10. Изготвениот проект треба да биде заверен (печат и потпис) од двете страни најдоцна 10 дена пред почетокот на манифестацијата
11. Проектот по кој изложувачот самостојно го изведува штандот треба да биде доставен на одобрување кај овластениот архитект на Омни Ивентс (во соработка со Експо Медиа) најдоцна 15 дена пред почетокот на манифестацијата. Само со одобрување за влез во халата заверено од одговорниот архитект може да започне монтажата на штандот.
12. Целата дополнителна електрична опрема и апаратура која ќе биде користена на саемот мора претходно да биде одобрена од страна на надлежните во Скопски Саем. Изложувачот се согласува да се придржува до сите одлуки донесени од страна на Скопски Саем. Опремата која нема да биде одобрена ќе биде отстранета од Саемот на Жените.
13. Дополнителните измени и преправки направени во последните 3 дена пред почетокот на манифестацијата се наплатуваат по цени повисоки за 30% од цената
14. Максималната висина на штандовите изнесува 250см, а за катна конструкција се наплатуваат дополнителни 50% од цената
15. Максималното оптеретување на подот во Метрополис Арена е 800кг/м2, односно 3 тони
16. Уредувањето на просторот може да започне 4 дена пред почетокот на манифестацијата во редовно работно време од 8 до 16 часот, а последните три дена од 8 до 20 часот. Внесување на експонатите на изложувачите може да започне еден ден пред почетокот на саемот од 8 до 20 часот, додека изнесувањето на експонатите мора да биде завршено еден ден по завршување на саемот најдоцна до 14 часот.
17. Демонтажата на штандот, подигањето на експонатите и инвентарот треба да заврши најдоцна 3 дена по завршување на саемската манифестација.
18. Изложувачот е должен изложените експонати и неговиот инвентар да ги подигне најдоцна до 12 часот на 07.11.2011 година, односно еден ден по завршување на манифестацијата. Во спротивно Омни Ивентс ќе ги смести во магацинските простории на Експо Медиа, за што изложувачот е должен да плати

манипулативни трошоци и лежарина според официјалниот ценовник.
19. За време на уредувањето на изложбениот простор изложувачот, односно изведувачот е должен да ги почитува прописите за ПП заштита и заштита при работа дадени во упатството. Пушење и палење оган (пр. свеќа или сл.) најстрого се забранува.
20. Пуштање музика на изложбениот простор е дозволено, но само доколку не преминува 40 децибели, како не би им сметало на останатите изложувачи, односно настаните на централните бини или пак предавањата кои ќе се одржуваат на манифестацијата.
21. Демонстрација на машини и опрема, дегустација на прехрамбени производи, како и продажба на изложените производи на штандот се дозволува само со претходна согласност на Омни Ивентс.
22. Изложувачот е должен изложбениот простор, штандот и инвентарот, со кои се задолжил по завршувањето на саемот да ги предаде во истата состојба во која што ги примил, а настаната штета е должен да ја надомести.
23. Изложувачот е одговорен за било каква штета која е предизвикана од градење на посебни подови, ѕидови или штандови, или за оштетување на инвентарот даден на користење. Изложувачот не смее да нанесува боја, лак, лепак или други слични материјали на штандовите или на опремата која доаѓа во стандардниот пакет.
24. Изложувачот е должен да се придржува на одредбите на упатството за изложувачи на Омни Ивентс.

**ОДГОВОРНОСТИ**

25. Изложувачот се согласува да се придржува до и да ги почитува сите услови и правила кои се поставени од страна на Омни Ивентс, за времетраење на периодите на монтажа и демонтажа, како и за времетраење на Саемот на Жена.
26. Изложувачот се согласува да го искористи просторот кој му е доделен само за изложување на производите и услугите кои се наведени во договорот и се согласува да не го ре-издава просторот на трети лица, освен во случај на писмена авторизација од страна на Омни Ивентс.
27. Изложувачот е должен во период на монтажа и демонтажа, како и во работното време на манифестацијата да обезбеди постојано присуство на одговорно лице на штандот.
28. Изложувачот потврдува дека ќе ангажира професионален персонал кој ќе го опслужува неговиот штанд за времетраење на манифестацијата.
29. Омни Ивентс нема да бидат одговорни за каква било штета или повреда на изложувачот, неговите агенти или вработени, освен во случај на невнимание од страна на Омни Ивентс.
30. Доколку настане штета, кражба или слично, на изложените експонати во тек на работното време на саемот, во период на монтажа или демонтажа, одговорноста за настанатата штета паѓа на изложувачот. Сопственоста на изложувачот ќе биде изложена на негов сопствен ризик и Омни Ивентс не превзема никаква одговорност за било какви загуби или штети. Изложувачот ја превзема целата одговорност во случај на штета или загуба во случаите на пожар, кражба за време на работните часови, поплава, земјотрес, експлозија или било каква друга природна непогода која не е под контрола на Омни Ивентс.
31. Омни Ивентс ја превзема одговорноста на обезбедување на експонатите вон работното време на саемот, т.е. во времето од затворањето до отворањето наредниот ден.
32. Изложувачот е должен изложените експонати да ги осигура самиот кај осигурително друштво
31. Изложувачот се согласува дека нема да го демонтира штандот или да ги отстрани своите експонати за времетраење на Саемот на Жената, и дека штандот ќе остане во корисна состојба се до завршетокот на саемот.
33. Директна продажба на производи и услуги е можна само доколку изложувачот ги исполнува сите законски прописи за таа намена. Во наведниот случај изложувачот се обврзува да во изложбениот простор ја има целата потребна документација која ја налагаат инспекциските служби. Доколку за наведените постапки дојде до било каков прекршок кај изложувачот, организаторот не сноси никаква одговорност. За сите евентуални противзаконски дејности кои изложувачот ги направил на својот изложбен простор, одговара само тој.

**КАТАЛОГ**

34. Поднесувањето на податоците за внес на Вашата фирма во каталог треба да биде најдоцна 30 дена пред почеток на саемската манифестација. Доколку не се почитува рокот, организаторот си го задржува правото да ја внесе Вашата фирма со податоци за името и дејноста и наплата од 70 евра.

**ОТСТАПУВАЊЕ ОД САЕМСКИОТ РЕД**

35. Во случај изложувачот да не се придржува до правилата и условите наведени во овој договор, сите права на изложувачот наведени во овој договор ќе бидат неважечки. Плаќањето од страна на изложувачот ќе биде задржано како отштета за прекршување на правилата на овој договор, и Омни Ивентс има право да го ре-издаде просторот.
36. Двете договорни страни се согласни во случај на спор да биде надлежен Основниот суд Скопје 2 во Скопје

**УСЛОВИ ЗА ПЛАЌАЊЕ**

37. По извршеното пријавување од страна на изложувачот, Омни Ивентс доставува фактура за сите услуги кои изложувачот ги има наведено во пријавата, по официјалниот ценовник на услугите наведен во истата. Како гаранција на договорот и за резервација на просторот, изложувачот е должен да плати 30% од вкупната сума на договорот на име депозит за резервација на простор, со што му е загарантиран закупениот простор. Во случај изложувачот да не го уплати депозитот, Омни Ивентс не му го гарантира просторот во халата.

38. Изложувачот е должен да изврши уплата во целост на износот по фактурата, најдоцна до 07.10.2011.

39. Веднаш по примената уплата на средствата или по приемот на гаранцијата за плаќањето, Омни Ивентс е должен на изложувачот кој на тој начин ги подмирил своите обврски, да му издаде потврда која на изложувачот ќе му послужи при внесување и изнесување на експонатите во/од кругот на Скопски Саем.

40. Изложувачот има право да ја откаже резервацијата за закуп на изложбен простор најдоцна 45 денови пред отворање на Саем на Жена (најдоцна до 20.09.2011 год), во кој случај изложувачот го губи правото на враќање на оставениот депозит. Во случај изложувачот да го откаже своето учество во периодот од 45 денови (од 21.09.2011) пред почетокот на Саем на Жена, должен е да го подмири вкупниот износ предмет на овој договор во целост. Сите откажувања мора да бидат поднесени до  и потврдени од страна на Омни Ивентс во писмена форма и датумот на стапување во сила ќе биде датумот кога пријавата за откажување на закупот е добиена. Во случај на откажување на закупениот простор, Омни Ивентс може да го ре-издадат просторот на друга компанија.

41. Во случај изложувачот да не го подмири целиот долг 30 денови пред почетокот (најдоцна до 07.10.2011) на Саемот на Жените, тој го губи правото на враќање на депозитот и со тоа не му се гарантира локацијата на штандот. Омни Ивентс може да го ре-издава просторот на други клиенти.

42. По завршување на саемската манифестација на изложувачот ќе му биде доставена конечна фактура во која се наведени сите услуги по официјалниот ценовник наведен во пријавата-договор за учество на саемот. Цените се без пресметан ДДВ. Изложувачот е обврзан да ја плати во целост конечната фактура, во валутниот рок назначен во фактурата.

43. Се исклучува можноста за компензација како начин за плаќање на услугите.

44. Со потпишување на оваа пријава-договор за учество на саем, Изложувачот е согласен со условите кои се составен дел на истата, како и со начинот на плаќање наведен во пријавата-договор.

45. Во случај Саемот на Жените да биде откажан, сите парични средства префрлени на Омни Ивентс од страна на изложувачите ќе бидат вратени, и Омни Ивентс нема да биде одговорен за било какви штети.

ПОДНЕСЕНАТА ПРИЈАВА Е НЕОТПОВИКЛИВА И ОБВРЗУВАЧКА ЗА ИЗЛОЖУВАЧОТ ДОКОЛКУ НЕ ЈА ОТКАЖЕ ИСТАТА ПО ПИСМЕН ПАТ НАЈМНОГУ 45 ДЕНА ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА.

Со потпишување на овој договор
ги прифаќаме општите услови и
цени за учество.

| Омни Ивентс | | Изложувач |
|---|---|---|
| ____________________ | Скопје, ________________ | ______________________ |
| Потпис и печат | Датум | Потпис и печат |